РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-2227/2
04-11-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-вата седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2227/1 од 17.06.2026 година, со наводи за незаконско постапување на службено лице ///, директор на ООУ /// – с.///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2227/1 од 17.06.2026 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 17.06.2026 година, поднесена е пријава со наводи за незаконско постапување на службено лице ///, директор на ООУ /// – с./// и оформен е предмет број 12-2227/1 од 17.06.2026 година

Во пријавата подносителот наведува дека на барање на пријавеното службено лице, без акт од надлежен орган, без доставено писмено известување до родителите и без постоење на документација за целта, начинот на собирање и начинот на користење на средствата, од учениците од /// одделение биле собирани парични средства во износ од 300 денари по ученик, со усно образложение дека средствата се собираат за надомест на штета наводно предизвикана од страна на учениците – оштетување на училишниот проектор. Во пријавата не се содржани наводи за коруптивни дејствија. Видно од адресните податоци содржани во пријавата, истата била доставена и до Општинскиот и до Државниот просветен инспекторат.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи не е кореспондираат со дефиницијата за корупција утврдена во Законот за

спречување на корупцијата и судирот на интереси. Истите не се предмет на надлежно постапување на ДКСК, туку се предмет на постапување на други надлежни органи до кои пријавата е веќе доставена, поради што ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК